# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**12.02.2024 год.** **Бр.III**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 41-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 12.02.2024 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 41-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 12.02.2024 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-257/1 од 12.02.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 3 став 2, член 18 став 1 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ" бр.78/15; 106/15; 153/15; 190/16; 21/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/2021) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 12.02.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на времно користење на недвижна ствар**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се даде на времено користење без надоместок недвижна ствар, деловен простор бр.2 и 3 во склоп на градскиот пазар на ул."Илинденска" бб Крушево, сопственост на Општина Крушево, врз основа на Имотен лист бр.100183, КП бр.6012/1 КО Крушево на Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија Скопје-одделение за премер и катастар Крушево.

**Член 2**

Деловните простории од член 1 на оваа Одлука се даваат на времено користење за период од влегување во сила на оваа Одлука до 31.12.2024 година.

**Член 3**

За времето за кое ќе се користат деловните простории, Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија Скопје-одделение за премер и катастар Крушево е должна да ги сноси сите трошоци за тековно одржување, вклучувајќи: потрошена електрична енергија, вода, телефон и.т.н.

Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија Скопје-одделение за премер и катастар Крушево е должна да се грижи совесно и домаќински при користење на деловните простории.

**Член 4**

Примопредавањето на деловните простории ќе се изврши помеѓу претставници од Општина Крушево и Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија Скопје-одделение за премер и катастар Крушево при што ќе се состави записник.

**Член 5**

По престанокот на времето за кое се дадени на користење, деловните простории треба да се предадат на Општина Крушево во исправна состојба.

**Член 6**

Градначалникот на Општина Крушево ќе склучи договор со директорот на Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија Скопје со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-222/3 од 12.02.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 8, 8а, 8б и 38 од законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19; 82/20; 89/22 и 274/22), член 434 од Законот за облигационите односи („Сл.весник на РМ" бр.18/01; 78/01; 4/02; 59/02; 5/03; 84/08; 81/09; 161/09 и 123/13) и член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 12.02.2024 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за преземање на долг од
## ЈП „Комуна" Крушево

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Крушево го презема долгот од ЈП „Комуна" Крушево што го има спрема ЕВН-Македонија АД Скопје и ЕВН-Хоме ДОО Скопје во износ од 14.000.000,00 денари, за наплата на потрошена електрична енергија на 72 (седумдесет и две) рати, не вклучувајќи ја каматата

**Член 2**

Општина Крушево како преземач на долготнов должник, потребно е да склучи договор за преземање на долгот со ЈП „Комуна" Крушево како должник и ЕВН-Македонија АД Скопје и ЕВН-Хоме ДОО Скопје како доверител, а при тоа да се обезбеди согласност од доверителот, дека ја прифаќа промената на должникот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-222/4 од 12.02.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**Ре.бр. стр.**

1. Заклучок за објавување на актите донесени на 41-та седница на Советот на Општина Крушево ..1
2. Одлука за давање на времено користење на недвижна ствар ...................................................... 1
3. Одлука за превземање на долг од ЈП „Комуна" Крушево .............................................................. 2
4. Измена и дополнување на Буџет на Општина Крушево за 2024 година (прв ребаланс) ............... 2

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.